**ПРОГРАМА**
за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Берово
за 2025 година



Подготвува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за еднакви можности
Донесува: Совет на општина Берово

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ. БР.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените ( Службен весник на РМ бр.6/12,166/14,150/15) година, Советот на Општина Берово на 53-тата седница одржана на ден 28.11.2024 година ја донесе следната:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

# НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. *ВОВЕД*

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Берово, има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област, од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за еднакви можности, на мажите и жените-во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, пожелно е да изработи годишна програма, во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт, може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на половата рамноправност, намалување на нееднаквите можности и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кое, рамноправноста ќе биде пракса.

Нерамноправностите меѓу жените и мажите, се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата, наметнати поради бројни стереотипи, присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина и организацијата на општеството.

За да бидат прецизни термините во оваа програма, терминот жена се однесува исклучиво на лице родено со женски биолошки пол, без разлика како се самоидентификува, а терминот маж се однесува на лице родено со машки биолошки пол, без разлика како се самоидентификува.

## 2. *ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Основните цели на активностите на општина Берово, во областа на половата рамноправност, предвидени со оваа програма се:

- Унапредување на половата рамноправност-на локално ниво
- Прибирање на полово-разделени податоци и формирање на база на податоци
- Полесна пристапност за пешаци (особено за деца) до основното, средното училиште и детската градинка, особено во услови на снег

## 3. *РЕАЛИЗАЦИЈА*

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Берово за 2025 година се пред сѐ, координаторката за еднакви

можности, Заменик координаторката за еднакви можности, поддржани од Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Берово.

Обврска и одговорност на админстрацијата, е да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки, кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера и да инкорпорираат родова перспектива во локалните политики кои се спроведуваат. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од полов аспект сите одлуки, програми, извештаи, идеи и политики на Општината.

## *4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

| Реден број | Активност | Времетраење | Буџет на проектот - мкд | Одговорни за имплементација/ партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Прибирање на полово - разделени податоци | јануари-декември 2025 | / | Координаторка за еднакви можности, Заменик координаторка за еднакви можности, КЕМ | / | -Изготвен 1 документ со полово -разделени податоци со:<br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во училишта;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во општина;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комунално претпријатие;<br>- број на жени/мажи управители во фирми; |
| 2. | Поддршка на КЕМ во изработка на нацрт-деловник и правилник за работа | јануари-февруари 2025 | / | Координаторка за еднакви можности, Заменик координаторка за еднакви можности, КЕМ | / | Изработен 1 нацрт-деловник и правилник за работа |
| 3. | Изградба на тротоари на ул. Даме Груев по која се движат учениците до до ОСУ „Ацо Русковски“ прилагодени на потребите на девојчињата и момчињата и наставниот кадар кои во поголем број се жени (закосени тротоари, заштитни столпчиња, фонтана и поставување на | јануари-февруари 2025 | 1.800.000 | Координаторката за ЕМ/ одделение за комунални дејности / одделение за урбанизам | Буџет на Министерство за транспорт и врски<br>Буџет на ЕЛС Берово | -изградени тротоари во должина од 557 метри прилагодени на потребите на момчињата и девојчињата.<br>-подобрување на инфраструктурата во градот<br>-олеснет пристап на мажите и жените до градските гробишта |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | клупи на две места) | | | | | |
| **4.** | Приоретизирање на чистењето на тротарите на улиците „Даме Груев“ , „Маршал Тито“ и ул.„ Задарска”, по кои се движат најчесто ученици и родители до ООУ и ОСУ и детска градинка. | јануари – март и декември 2025 | 35.000 | Координаторка за еднакви можности/КЕМ и заменик координатор за еднакви можности/ Оддлени за комунални дејности | Буџет на ЕЛС Берово/ преку програмата за зимско одржување | -намалување на бројот на физички повреди на деца и родители за 20%<br>-олеснет и брз пристап до јавните установи за децата, родителите и наставниот кадар |
| ВКУПЕН БУЏЕТ | | | | | **1.835.000,00 ДЕНАРИ** | |

5. ***ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ***

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Берово се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;

-организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Берово, во соработка со институциите на локално ниво.

***6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

Градоначалникот на Општина Берово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Општина Берово, преку вработените службеници, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијатива и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели и унапредување на еднаквите можности во Општина Берово.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Берово”.

Број 09- 3944/1
28.11.2024 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Петар Ружински